# ЗА СТОМАТОЛОШКАТА БОЛКА

**уредници:**
**Богдановски Игнатие и Накова Марија**
**издавач:**
**Стоматолошки клинички центар**
**Библиотека "Трансфер на науката"**
**Скопје, 1998**

Во мај 1998 г., во издание на Стоматолошкиот клинички центар, излезе од печат книгата "За стоматолошката болка", во уредништво на Игнатие Богдановски и Марија Накова, редовни професори на Стоматолошкиот факултет. Книгата излезе од печат, речиси, една година по одржувањето на традиционалниот годишен симпозиум за стоматологија "Трансфер на науката '97", во организација на Здружението на стоматолозите од Македонија, на кој, една од главните теми беше **За болката во стоматолошката ординација од физиологија до клиника**. Актуелноста на проблемот ги поттикна уредниците да ги организизираат учесниците да ги доработат своите предавања, да ги преструктурираат и, со додавање нови поглавја, се оформи една целина од која читателот може да се воведе во сите ентитети што ги содржи болката во стоматологијата.

Автори и соработници на текстовите во книгата се, главно, млади стручњаци кои ја претставуваат новата сила на стоматолошката професија и наука. Нивната заслуга е повеќекратна. Тие смело зачекоруваат на полето на публицистиката, се самонадградуваат и го покажуваат вистинскиот пат патот кон знаењето и умеењето.

Материјата во книгата е организирана во 9 поглавја, од кои првото е воведно, заглавено како *Неврофизиолошки и патогенетски карактеристики на болката*. Уредниците, како автори на ова поглавје, ***Богдановски и Накова***, кон дефиницијата на болката приклучуваат и нејзина поделба, за, потоа, да ги разработат стимулите кои учествуваат во настанувањето на болката, како и механизмот на настанувањето, нејзиното потекло и патот. Општо, ова поглавје е репетиториум за неврофизиолошките и патогенетските аспекти на болката.

Во поглавјето *Орофацијална болка при дисфункција на стоматогнатниот систем* е дадена класификација на болката според локализацијата во ТМЗ и секоја одделно е разработена: диск-атечмен болката, ретродисковата, капсуларната и артритичната. Авторот ***Богдановски*** прави посебен осврт на дијагностицирањето на болката во оваа регија, притоа задржувајќи се на компјутеризираната томографија како најсофистициран метод за проценка на структурните елементи на ТМЗ во дијагностички но и во тераписки цели.

Во третото поглавје, *Болката како субјективен симптом во оралната патологија и пародонтологија*, авторите ***Поповска, Накова, Ангелов и Пешевска*** ја обработуваат болката од два аспекта: болката од пародонтално потекло и таа што потекнува од околните орални ткивни структури. Авторите ги систематизираат етиолошките фактори одговорни за настанувањето на овие видови болка, ја опишуваат клиничката симптоматологија и даваат генерални насоки за нејзино отстранување, поткрепено со сопствени резултати.

**Марија Стевановиќ и Марија Накова,** во поглавјето *Диференцијално дијагностички разлики помеѓу денталната, пулпалната и психогената болка*, најпрвин даваат класификација на забната болка, нагласувајќи ја важноста на клиничката и диференцијалната дијагностика за стоматологот. За специфичната дентална болка (дентална, пулпална, пародонтална или периапикална), тие даваат тераписки сугестии според тоа дали таа е слаба или силна. На крајот од поглавјето, авторите се осврнуваат и на психогената болка, давајќи општи насоки како да му се пријде, најпрвин, на плашливото дете и како да се стекне неговата доверба, за, потоа, да се задржат и на возрасните, делејќи ги на хипохондрични, хистерични, анксиозни и фобични пациенти, со сите карактеристики на соодветните реакции и сугестии за терапија..

Во поглавјето *Орофацијални болни синдроми* авторите **Величковски и Јанев**, најпрвин, даваат основни дијагностички насоки и поделби на ОБС. Тие посебно се осврнуваат на соматската болка, детално разработувајќи ги сите нејзини типови: длабока соматска болка, периодонтална болка, коскена, периостална и болка од мекото сврзно ткиво. Потоа, во делот за неврогена болка во орофацијалната регија, тие посебно се задржуваат на деаферентната болка и на диференцијалната дијагностика, со основни насоки за терапија.

**Гиговски и Шабанов**, во поглавјето *Аспекти на болката при фикснопротетички третман*, даваат објаснување за појавата на болка при препарацијата на забот и при цементирањето на фикснопротетичката конструкција и предлагаат мерки за обезболување на препарацијата и за намалување на болката при цементирањето.

За клиниката на *Болката во мобилната протетика*, авторите **Крсте Дејаноски, Марјан Алабаковски и Сашко Богдановски**, од аспект на мобилната протетика, зборуваат за болката од потпорните ткива (од коскениот фундамент и меките ткива, од преостанатите заби, од имплантатите), потоа, за болката од дејството на протезата на оралните ткива и, на крајот, за болката при дисфункција на стоматогнатниот систем. Освен тоа, се даваат и основни насоки за терапија на овие видови болка.

**Грчев и Лазаревски**, во поглавјето Болка во лицево-виличниот комплекс, на болката и пристапуваат како на најчест симптом што ја следи скоро

# НОВИ СТОМАТОЛОШКИ ИЗДАНИЈА












секоја патолошка состојба карактеристична за оваа регија: воспаленија, неоплазии и миофацијален болен дисфункционален синдром. Меѓу состојбите кај кои не може да се одреди органската основа за појава на болката, тие ги обработуваат невралгиите и орофацијалните болни синдроми, како продроми на тешки заболувања на ЦНС и на периферните нерви. На крајот, предлагаат стратегија за минимализирање на максималните штети при клиничкото одлучување, сугерирајќи алгоритам со редоследно одредување на чекорите што треба да се преземат.

Во завршното поглавје, *Менаџмент на болката*, **Накова** му ја проследува на читателот теоријата за контрола на портата, која претставува пресвртница во расветлувањето на неврофизиолошките механизми за објективизација на болката. Потоа, се дава осврт на разни медикаменти за супресија на болката, како што се: благите аналгетици, нестероидните антиинфламаторни аналгетици, стероидните и опојните аналгетици и локалните анестетици. Како физикални методи за супресија на стоматолошката болка авторот ги набројува ласерската терапија, акупунктурата, електростимулацијата и транскутаната електростимулација и го објаснува механизмот на нивното десјтвување.

Сите поглавја на книгата *За стоматолошката болка* се богато и изедначено илустрирани, со што материјата станува подостапна на читателот. Пред секое поглавје детално е дадена неговата содржина, а зад него литературата што е користена.

Книгата им се препорачува на студентите по стоматологија, на стоматолозите практичари, но и на други читатели кои сакаат да дознаат повеќе за стоматолошката болка.

***Проф. д-р Ванчо Ковачев***

## ОКЛУЗИЈА

**автор:**

**Љубен Гугувчевски**

**издавач:**

**Еин-Соф, Скопје, 1997**

Во 1997 година излезе од печат монографијата на доц. д-р Љубен Гугувчевски ***Оклузија*** во издание на Еин-Соф, Скопје.

Доц. Гугувчевски е одамна активен на издавачкото поле. Така, во 1993 год. ја издаде ***Електромиографски апекти на физиолошкото мирување и интероклузалното растојание***, а во 1994 г. и книгата **Тотална протеза-одбрани поглавја**.

Монографијата, **Оклузија** е трето негово дело, и е наменето за студентите по стоматологија, за слушателите на постдипломските студии (магистранди и специјализанти), за докторанди, дипломирани стоматолози протетичари, стоматолози кои се занимаваат со реставрација на забите и на сите оние кои сакаат да се запознаат со физиологијата на орофацијалниот систем.

Содржината на монографијата е поделена на два дела, и тоа: општ дел и посебен дел.

Во општиот дел, на 296 страници, во 16 одвоени целини, опишани се: поимот оклузија, дијагнозата на оклузијата, елементите на оклузијата, центричниот однос и центричната релација, потоа оклузалната морфологија, мандибуларните движења, оклузалната артикулација, пречките и неправилностите во функцијата на мастикаторниот систем.

Секоја целина почнува со одреден број точки и потточки, како мала содржина, за читателот да се запознае и да ја пронајде содржината што го интересира; потоа сите целини се збогатени со слики и завршува со литература.

Штом има неправилности и пречки во некоја работа, се бара и решение за нивно елиминирање. Така, и во монографијата, доц. Гугувчевски дава план и можна терапија на пронајдените и појавените пречки и неправилности.

Посебно место, во две целини, зазема бруксизмот и бруксоманијата, почнувајки од дефиницијата, разните имиња за оваа појава, дијагностицирањето и терапијата на бруксизмот.

Во посебниот, вториот дел од монографијата (59 страници), на јасен и разбирлив начин е изнесено сé за оклузијата кај тоталните протези, можноста за разни соодноси (контакти) на вештачките заби, важноста на оклузијата за статиката на протезите, потоа за урамнотежената и неурамнотежената оклузија со вештачки заби со анатомска и неанатомска форма.

Во почетокот на првиот дел авторот, на 16 страници, по азбучен ред ги дава најчестите протетички термини, што за прв пат се сретнува во нашата литература. На крајот е даден индекс на автори и индекс на зборови.

Вредноста на монографијата ***Оклузија*** е голема, бидејќи поимот оклузија е широк, се испреплетува во целата стоматолошка практика и наука, а не само во протетиката. За неа треба да се искажат и читателите. Ова е прво пишано дело со ваква содржина на македонски јазик. Со ова дело се збогатува македонската стома-

толошка струка и наука, на корисниците им се олеснува користењето и запознавањето со тие современи содржини, а преку богатата литература се дава можност за уште поголемо навлегување во тие содржини.

Нека ни е честито збогатувањето на стоматолошката литература со уште една стручна едиција, а на авторот му посакуваме уште многу печатени дела.

***Проф. д-р Ефтим Мирчев***

## ДЕНТАЛНА РЕИМПЛАНТОЛОГИЈА И ТРАНСПЛАНТОЛОГИЈА

**автор:**

**Јордан Јанев**

**издавач:**

**Сигнум, Скопје, 1998**

Во издание на издавачката куќа "Сигнум" од Скопје, оваа година, од печат излезе книгата *Дентална реимплантологија и трансплантологија*, како учебно помагало, од проф. д-р Јордан Јанев, редовен професор на Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Авторот во својата книга ги опишува детално сите важни практични постапки при згрижување-то на пациентите кои имаат потреба од овие интервенции.

Тој користи систематизиран и логичен редослед во изнесувањето на практичните постапки, почнувајќи од анатомските елементи во регијата каде што се ефектуираат интервенции, до имунобиолошкиот проблем.

На тој начин, авторот ги опфатил доминантно најважните регии презентирани во следниве поглавја: *Анатомија и хистологија на забот и пародонтот, Физиологија и хистопатологија на анкилозата и ризализата, Индикации и контраиндикации за реимплантација и трансплантација, Хируршка техника на реимпантација и трансплантација, Имобилизација на реимплантатите и трансплантатите, Цикатризација на реимплантатот и трансплантатот, Поволни услови за реимплантација и трансплантација* и *Трајност на реимплантираните и трансплантираните заби*.

Оваа книга посебно настојува да ги изнесе концизно индикациите и контраиндикациите за реимплантација и трансплантација на заби, оперативната техника, како и современите методи за имобилизација на реимплантираните, трансплантираните и трауматски луксираните заби.

Врз основа на добиените резултати од клиничките, рендгенолошките и функционалните испитувања на трауматски луксираните, пародонтопатичните и периодонтичните заби, авторот ги проширил индикациите, а наедно ја усовршил и хируршката техника предлагајќи нови, современи методи.

Во последното поглавје на книгата, авторот, како доктринарен став, дава свои заклучоци за повеќе непознати и присутни дилеми за денталните графтови во секојдневната стоматолошка практика.

Авторот на книгата долги години работел врз проблемот на реимплантацијата и трансплантацијата на забите и, како плод на неговото големо работно искуство, ја согледал важноста на она што му недостасува на стоматологот-практичар во секојдневното решавање токму на овие проблеми.

Текстот е максимално рационален, едноставен и прифатлив за читатели со различно ниво на медицинско образование. Во таа смисла, книгата е наменета за практична едукација на широк круг здравствени работници: за студентите по стоматологија, за стоматолозите-практичари, за постдипломците, за оралните и максилофацијалните хирурзи и за сите лекари кои се занимаваат со овој проблем.

Со оваа книга авторот дава значителен придонес во македонската медицинска литература.

За кратко време по издавањето, овој труд на проф. д-р Јанев, како прва книга кај нас од овој жанр, наиде на широк интерес, што е уште една потврда за нејзината вредност, актуелната потреба и интересот кај здравствените работници.

***Проф. д-р Васко Чоланчески***

# ЕТИКА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА

**автор:**

**Бранислав Б. Даштевски**

**издавач:**

**Магнат Скопје, 1998**

Книгата **Етика во стоматологијата** од проф. д-р Бранислав Даштевски е прифатена со задоволство од страна на стоматолозите во Р. Македонија бидејќи, во својата практика, тие секојдневно се соочуваат со донесување стручни одлуки поврзани со етички прашања, принципи и начела. Иако, во моментов, речиси, сите стоматолошки центри имаат усвоено наставни планови од областа на етиката, акцентот и натаму останува врз филозофијата на вообичаената рутинска практика - емпиријата. Книгата содржи 396 страници и содржина која е дадена зад нејзиниот текст. Авторот користел современа светска литература.

Проф. д-р Бранислав Даштевски е роден во 1935 година, во Куманово, каде завршил и основно и средно образование. На Стоматолошкиот факултет во Белград дипломирал во 1967 година. Со звањето специјалист по ортопедија со дентална протетика се стекнал во 1972 година. На тема "*Употребната вредност на бипупиларната и Камперовата линија при определувањето на ориентационата протетичка рамнина*", докторирал на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1987 г.

Во прилог на творечката кариера на професор Даштевски, сакаме да ги дадеме насловите на неговите досегашни публикации. Тоа се шест книги - монографии: **"Д-р Методија Спиров Тројачанец. Животен пат и дело"**, во издание на Елнат-Скопје, 1994 година, потоа, **"Забни клешти етностоматолошка материјална култура"**, 1995 г., и "**Животопис на д-р Петар Ордановски**", 1995, и двете со издавачот Југореклам, "**Стоматопротетичка рамнина - антрополошки аспект"**, со издавачот Елнат, Скопје, 1994 г., "**Вовед во стоматологијата**", со Југореклам, Скопје, 1995 г. и, последнава, **"Етика во стоматологијата"**, во издание на "Магнат", Скопје, 1998 г.

Треба да се одбележи дека проф. Даштевски, за прв пат во нашата земја, и пошироко, нуди градиво кое ќе овозможи воспоставување повисоко ниво на комуникација помеѓу пациентот и стоматологот.

Книгата "Етика во стоматологијата" се состои од два дела. Прв дел - "Етички прашања и принципи" и втор дел - "Коментари со примери на општите принципи во стоматолошката етика".

Во првиот дел, меѓу другото, е прикажана природата на етичките проблеми, конфликтните состојби со пациентите, значењето на етичноста и моралот во разрешувањето на етичките проблеми.

Во вториот дел се укажува на поврзаноста помеѓу користа и штетата, чесното постапување на стоматологот, довербата и доверливоста, етичките дилеми во стоматолошките истражувања и некомпетентноста. Од содржината на оваа книга може да се заклучи дека авторот, на многу успешен начин, направил обид да ја објасни теоријата на етичките принципи и да ја поткрепи со многубројни примери на клинички дилеми во стоматолошката практика, собрани во текот на личната, професионална практика, како и со примери од искуствата на колегите, студентите и пациентите. Голем дел од материјалот е земен од странските стоматолошки списанија како и од јавниот живот и од медиумите. Но, најголем дел од информациите се добиени од стоматолошките ординации.

Со оглед на тоа што овие содржини за прв пат се објавуваат кај нас, на македонски јазик, книгата срдечно им ја препорачувам на сите стоматолози, на студе нтите по стоматологија, како и на сите кои чувствуваат потреба за едукација од областа на стоматолошката етика.

***Проф. д-р Миле Царчев***